IPA Cross-Border Programme
CCI Number 2007CB16IPO007

Project: BUILDING CROSS-BORDER CULTURAL COOPERATION

The project is co-funded by EU through the IPA Cross Border Programme CCI number 2007CB16IPO007





# ЗАЕДНИЧКИ ПЛАН

# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНИТЕ БАНСКО И ВИНИЦА









**СОДРЖИНА**

**1. Вовед** ........ 3
1.1. Контекст на составување на планот ........ 3
1.2. Резиме на анализата на постоечкото културно-историско наследство во двете општини ........ 3
1.3. Приоритети за развој на културните знаменитости во двете општини ........ 5

**2. Анализа на постоечкото културно-историско наследство во двете општини (ситуациска анализа на фактичката состојба)** ........ **6**
2.1. Културно-историски ресурси во Општина Банско ........ 6
2.2. Културно-историски ресурси во Општина Виница ........ 24

**3. Стратешка анализа на планот** ........ **37**

**4. Структура на партнерството** ........ **51**

**5. Индикативна финансиска табела** ........ **52**

## 1. Вовед

***Контекст на составување на планот***

Овој документ е составен со цел реализирање на Проект 2007CB16IPO007-2009-61 „Изградба на прекугранична културна соработка" од ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА МЕЃУ РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА И ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА по ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ, Буџетна линија № 2007CB16IPO007-2009-1.

Културната размена и реализирањето на иницијативите за одржлив развој, врз основата на културното наследство меѓу регионите со општа граница, е утврден метод за постигнување на одржлив развој со прекугранична соработка. Реализацијата на овој проект, преку планираните заеднички активности за зголемување на атрактивноста на културните објекти и за разработувањето на заеднички план за управување на културни знаменитости на територијата на двете општини – партнери, ќе ја зацврсти постоечката прекугранична соработка во областа на одржливо искористување на природните и културни ресурси. Прекуграничното влијание, ќе биде обезбедено преку планираните практични активности, размена и изградба на капацитет, вклучувајќи и претставници на целните групи од двете страни на границата. Разработената мрежа за соработка со помош на активностите по проектот, ќе го засили прекуграничното влијание по завршувањето на проектот.

Овој план предлага еден нов концепт за разработување и предлагање на алтернативни форми и модели за интегрирање на заедничкиот потенцијал на двата региони – општина Банско и општина Виница, со цел развивање на историски и културен туризам. Истиот претставува преглед и анализа на секторот во регионот, во светлината на неговата конкурентна предност, поврзана со неговото уникатно историско и културно наследство.

***Резиме на анализата на постоечкото културно-историско наследство во двете општини***

**Банско** претставува вистинска ризница на национални богатства, поседувајќи многу значајни споменици на културата, со оригинална архитектура и висока уметничка и историска вредност. Со неговата неповторлива преродбеничка атмосфера и неговото богато културно-историско наследство, градот претставува една исклучителна туристичка атракција, кое што заедно со уникатната природа на Пирин, привлекува бугарски и странски туристи во текот на целата година.

Во регионот на Банско може да се види како живата и неизменета традиција во нејзиниот автентичен изглед, така и нејзиното сочувување во мајсторските изведби на локалните самоуки фолклорни групи и состави, познати далеку надвор од границите на Бугарија. Особен интерес претставуваат Празниците на банската традиција – најголемиот културен настан во општината.

Десетки потомци на старите мајстори – занаетчии, и до денешен ден ја носат славата на Банско и регионот со уметничките дрворезби, шарените теписи, покривачи и ресначи. Фините изработки на локалните уметници го пленуваат секој, кој што ја посетил Постојаната етнографска изложба – пазар во Домот на уметноста и поезијата во гр. Банско.

Како цело, големата наситеност со атрактивни антропогени туристички ресурси, влијае исклучително благопријатно врз развојот на еколошки и одржлив туризам во регионот на гр. Банско и гр. Добриниште.

Богатото археолошко наследство, уникатните архитектонски и етнографски знаменитости, оригиналниот фолклор, традиции и занаети, карактеристичната локална кујна, се одлична основа не само за запознавачки тури и презентации, но и за комбинирање на одморот со различни хоби–активности, преку организирање на курсови за дрворезба, ткаење, плетење, бродерија, иконопис, учење на бугарски народни танци, готварски вештини. Присутни се и можности за учество во традиционални празници, а во топлото полугодие – и во археолошки раскопувања.

Банско и регионот се едни од најпрекрасните катчиња на Бугарија и се поврзани со најуспешниот туристички бизнис во светот. Но некои анализи покажуваат, дека историското и културното наследство во овој регион не се искористува максимално.

**Виница** е населба со античка историја на Балканите, со резерви за развој на нови видови туристички понуди. Општина Виница располага со многу сочувани споменици, од најстари времиња до денес. Таму се набљудуваат траги на живот уште од неолитот, бронзената ера, античкиот, римскиот, ранохристијанскиот период, па се до средновековието. За тоа сведочат големиот број на археолошки наоди /досега се регистрирани 96 локалитети/ со потврдено постоење на населби, тврдини, базилики, некрополи и гробници. Освен нив, можат да се проследат и обичаите и традициите на животот во овој македонски регион, кои зборуваат за високо ниво на цивилизација и култура. Виница е и еден од најсветлите примери за мултиетнички соживот во Македонија. Постојат солидни темели во однос на културно-историското наследство – откриено, сочувано и спремено за интересот на гостите.

Во историските извори, градот Виница за првпат се спомнува во 16-ти век во Лешочкиот манастирски поменик. Името на градот е старословенско и означува место, каде што се одгледуваат лозја и се произведува вино. Во тоа време Виница и регионот се наоѓаат под турско ропство. Настапува промена во структурата на населението, која што продолжува до Балканските војни. Кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, Виница го доживува својот економски и демографски развој. Најмногубројно е македонското население. Оваа структура на населението одигрува позитивна улога во борбата за националното и социјално ослободување. Голема улога во овој однос има и големиот македонски револуционер Гоце Делчев, кој што е главен подвижник во подготвувањето на вооружено востание на македонскиот народ против турското ропство. Особено значење за историјата на Виница во текот на овој период има познатата Виничка афера, во текот на која што е разоткриена организацијата на ТМОРО /ВМОРО/, и чиешто раководство имало разгранок и во Виница.

Во текот на последната деценија на 20 век и почетокот на 21 век, Општината се развива особено добро во стопански и економски однос.

Покрај големиот број на археолошки локалитети, меѓу кои што се издвојуваат Виничко кале и Горица како споменици на Р.Македонија, постојат и други културно-историски и религиозни објекти, повеќето од кои се од 19 век и имаат голема историска вредност.

***Приоритети за развој на културните знаменитости во двете општини***

Одржливиот развој има потреба од учество на сите заинтересирани страни и претставува траен процес, што бара непрекинато набљудување на влијанието и превземање на превентивни мерки и корекции, кога и каде што е неопходно. Одржливи резултати се оние, кои што обезбедуваат високо ниво на задоволување на потребите на гостите, а кои истовремено ја зголемуваат нивната информираност и ги популаризираат принципите на одржливост меѓу нив. Одржливиот развој на културно-историските ресурси одговара на следните услови:

- Ја искористува оптимално и ја почитува социјално културната автентичност на локалните заедници, при што се сочувува нивното материјално и нематеријално културно и духовно наследство, традиционалните богатства, и допринесува за меѓукултурното разбирање и толерантност;
- Обезбедува животни и долготрајни економски дејности, кои им носат економска корист на сите заинтересирани страни. Тоа вклучува стабилна вработеност и можности за приходи и социјални услуги за локалните заедници;
- Примена на добра локална самоуправа, која работи во корист на локалните и надворешните заедници.

Водејќи се од анализата на определувачките фактори, како и од приоритетите на стратешкиот развој на културно-историското наследство во двете држави, се определуваат следните основни приоритети:

**1. Зголемување на квалитетот на животот во прекуграничниот регион преку сочувување, затврдување, развој, промоција и одржливо искористување на културно-историското наследство на Општина Банско и Општина Виница.**

**2. Зголемување на атрактивноста на културните знаменитости на Општина Банско и Општина Виница, преку реализација на инвестиции за нивно сочувување и подобрување на достапот до нив, како и преку остварување на подобра комуникација меѓу музеите и туризмот.**

**3. Зголемување на капацитетот на управување и ефикасно искористување на културните знаменитости.**

**4. Зголемување на прекуграничната соработка за понатамошни заеднички активности за социјално-економски развој на регионот и ефикасно искористување на културно-историските ресурси.**